TITAN
CEMENTARNICA USJE

***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Правник во Правна служба (на замена на вработен на породилно отсуство)**
Избраниот кандидат ќе биде задолжен за спроведување на активности од правен аспект од значење за компанијата. Се грижи за усогласеност на компанијата со Законот за заштита на лични податоци и извршува работни задачи за изработка на документи и усогласување на интерните акти кои се однесуваат на ЗЛП. Учествува во изготвување на сите видови договори со цел да се заштитат интересите на компанијата. Составува и поднесува предлози, барања и други правни акти за потребите на компанијата пред нотарите, извршителите и другите надлежни органи. Подготовка на материјали за седници на Одбор на директори и Собранието на акционери на компанијата. Следење на законските прописи поврзани со работењето на сите сектори во компанијата. Основната нето плата за работното место е од 32.500 денари. Работното време е од 08:00 – 16:00 часот.

**Квалификации на кандидатот**
• Правен факултет, со 240 ЕКТС
• Положен правосуден испит ќе се смета за предност
• Работно искуство во деловно право најмалку 1 година
• Познавања и работно искуство во доменот на заштита на лични податоци
• Одлично познавање на англиски јазик
• Одлични познавања на Microsoft office апликациите

**Конкурентски предности:**
Желба за работа во средина со високи барања
Динамичност, ефективност и ефикасност
Флексибилност и адаптибилност
Посветеност, мотивираност, иницијативност
Тимска работа и кооперативност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши само на веб страницата на Цементарница УСЈЕ http://www.usje.mk во делот Кариера / Придружете ни се.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.